Во врска со Известување за планирани и постојни тк инсталации

Почитувани,

Во врска со Вашето Барање, добиено преку системот е-урбанизам, со кое што барате податоци за изработка на УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА СТОПАНСКИ И ИНДУСТРИСКИ НАМЕНИ НА КП 228/4 И 228/5 ЗА НАМЕНА СОГЛАСНО ОПШТ АКТ ЗА С.ВИЗБЕГОВО, ОПШТИНА БУТЕЛ, Ве известуваме дека во границите на планскиот опфат нема постојна МКТ инфраструктура.

**Напомена: Информациите содржани во овој документ се доверливи и тие се наменети за користење само од страна на примателот. Примателот е обврзан да превземе разумно ниво на грижа заради заштита на доверливите информации содржани во документот. Воедно, примателот е обврзан документот или било кој дел од неговата содржина да не го открива или дистрибуира на трети лица кои не се засегнати со актуелниот предмет, а заради спречување на можни злоупотреби.**

Со почит,

Македонски Телеком АД Скопје

По овластување на

Директор на сектор за DEVOPS активности на оптика и мрежи од следна генерација

Дејан Влаховиќ

**МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМ АД-СКОПЈЕ**
**Адреса: Кеј 13-ти Ноември 6, 1000 Скопје, Република Северна Македонија**
**Телефон: +389 2 3100 200 | Факс: +389 2 3100 300 | Internet: www.telekom.mk**
**Контакт центар за приватни корисници: +389 2 122, +389 70 122|E-Mail: kontakt@telekom.mk**
**Контакт центар за деловни корисници: +389 2 120, +389 70 120|E-Mail: biznis.kontakt@telekom.mk**
**ЕМБС: 5168660 | Основна главнина: МКД 9.583.887.733,00**
**ISO 9001, ISO 14001 и ISO 27001 сертифицирана компанија**

Република Северна Македонија
Јавно претпријатие за државни патишта

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ndërmarrja Publike për Rrugë Shtetërore

Бр/Nr. 10-7392/2
09 -08- 2023
Скопје/Shkup________година/viti

ДО ЕВРО-ДЕКОР доо
ул. Ристо Равановски бр. 1
1000 Скопје

**Предмет:Податоци и информации**

Почитувани,

Врз основа на Вашето Барање број 25-07/23 од 07.2023 год. за добивање податоци и информации за постојни и планирани инфраструктурни водови и градби потребни за изработка на Урбанистички проект за стопански и индустриски намени на КП 228/4 и КП 228/5 за намена согласно Општ акт за с.Визбегово, Општина Бутел, Ве известуваме:

Стручната служба при Јавното претпријатие за државни патишта, го разгледа пристигнатиот прилог, заверен со евиденциски број на Јавното претпријатие 10-7392/1 од 03.08.2023 година:

- Ажурирана геодетска подлога.

Од доставениот и разгледан прилог констатирано е дека предметниот проектен опфат не граничи со државен пат кој е во надлежност на Јавното претпријатие за државни патишта.

Со почит,

Заменик Директор
Благојче Трпевски

Изработил: Драгица Гашпарова
Контролирал: Кирил Каркалашев
Одобрил: d-r Ejup Latifi

МЕПСО

Максим Горки бр.4, 1.000 Скопје
Т: Кабинет на генерален директор
+ 389 (0) 2 3 149 811
Подружница ОЕПС
+ 389 (0) 2 3 149 814
Подружница ОПМ
+ 389 (0) 2 3 149 813
Ф: + 389 (0) 2 3 111 160
www.mepso.com.mk

**До**

**ЕВРО ДЕКОР**

**ул. Ристо Ривановски бр. 1**

**Скопје**

Бр.11-4727/1

08.08.2023

**Предмет: Податоци за постојни и планирани електро енергетски објекти**

Врз основа на Вашето барање бр.25-07/23 од 31.07.2023 год., предмет креиран на Е-урбанизам на 01.08.2023 година со број на постапка 54362, (наш број 11-4727 од 04.08.2023 година) за податоци и информации за изработка на Урбанистички проект за стопански и индустриски намени на КП 228/4 и КП 228/5 за намена согласно Општ акт за с.Визбегово во Општина Бутел, Ве известуваме дека предметниот плански опфат **НЕ СЕ ПРЕСЕКУВА** со ЕЕ објекти во сопственост на АД МЕПСО.

Изработил: Александар Костевски

Проверил: Јасмина Ставрова

по овластување од Генерален директор
бр.02-10/112 од 06.03.2019 год.
Раководител на Служба за ГИС
и геодетски работи

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
NDËRMARJA PUBLIKE
ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА
UJËSJELLËSI DHE KANALIZIMI
Број numer 1302-2322/2
Дата data 08-08-2023
СКОПЈЕ - SHKUP

ВИК-716-101.01

До: "ЕВРО ДЕКОР" ДОО
ул. "Ристо равановски" бр.1, 1000 Скопје
Предмет: 1302-2322/1 од 07.08.2023
Дата: 07.08.2023

**ПРЕДМЕТ: Достава на податоци и информации**

Почитуван/и,

Во врска со Вашето барање со бр. 25-07/23 од 31.07.2023год. пристигнато кај нас преку страната на е-урбанизам на 31.07.2023год. и заведено под бр.1302-2322/1 од 07.082023год. со кое не известувате дека за потребите на изработка на

**"УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА СТОПАНСКИ И ИНДУСТРИСКИ НАМЕНИ НА КП 228/4 И 228/5 ЗА НАМЕНА СОГЛАСНО ОПШТ АКТ ЗА С.ВИЗБЕГОВО, ОПШТИНА БУТЕЛ"**

ни доставувате геодетска подлога од локалитетот со означени граници на предметниот плански опфат со цел да добиете податоци за постоечка и планирана инфраструктурна мрежа,

Ве известуваме дека со внимание го разгледавме предметниот локалитет, за кој ќе изработувате УП и согласно член 32 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр. 199/14, 44/15, 193/15 и 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18),**преку страната на системот е-урбанистички планови во делот за ПИМ – Податоци, информации и мислења,** Ви ги доставуваме бараните податоци со кои располагаме а тоа се :

- Ситуација во М 1: 1000 во PDF формат со прикажана наша постоечка инсталација, како и проектирана хидротехничка инфраструктура(водоводна мрежа, атмосферска и фекална канализациона мрежа) .

Што се однесува до прикажување на **предвидена хидротехничка инфраструктура** на предметнииот локалитет ЈП „Водовод и канализација" Ве упатува на користење на решенијата за хидротехничка инфраструктура кои се наоѓаат во состав Општ акт за село Визбегово и изработени Основни Проекти (ако такви постојат) за водовод, фекална и атмосферска канализација за предметниот локалитет кои треба да ги добиете од О.Бутел и секако решенијата од ГУП на Град Скопје.

Имено Вие како планерска куќа која изработува урбанистички план кој во својот состав треба да има и решенија за хидротехничка инфраструктура, **треба да ги изработите тие решенија за предвидена хидротехничка инфраструктура** врз основа на

- податоците за постоечка водоводна и канализациона мрежа,
- согласно сообраќајното решение и што е најважно нивелационото решение на постоечките и предвидените улици, (затоа што хидротехничката инфраструктура се движи по јавни површини односно улици).
- соодветни хидраулички пресметки како за количините за водоснабдување така и за количините на отпадна вода кои ќе бидат основа за димензионирање на уличната мрежа.
- концепцијата за начинот на водоснабдувањето и начинот на одведувањето на отпадните фекални и атмосферски води од локалитетот од/кон останатат постоечка или предвидена инфраструктура или објекти и реципиенти .

Вашите решенија за предвидената улична хидротехничка инфраструктура во комбинација со веќе постоечката хидротехничка инфраструктура (водоводна и канализациона мрежа) треба да добијат позитивно мислење од наша страна (во процесот на постапката што ќе ја води О. Бутел и треба да бидат основа за издавање на Хидротехнички услови за секој објект, што се наоѓа во состав на предметниот локалитет.

**НАПОМЕНА:**

Ве известуваме дека не е дозволено поставување на електрични, телефонски, топлификациони, гасоводни и др. инсталации над и непосредно до уличната водоводна, фекална и атмосферска канализација и нивните приклучоци освен при нивно вкрстување.

- При паралелно поставување на електрични, телефонски, топлификациони, гасоводни и др. инсталации со уличната водоводна, фекална и атмосферска канализација и нивните приклучоци, минималното растојание со нив е регулирано со „услови за полагање на електрични, телефонски, топлификациони, гасоводни и др. инсталации" на соодветните Комунални организации но не помалку од 0.60м. односно 1.00 м. Од крајната ивица на водоводот, фекалната и атмосферска канализација. Вертикално растојание помеѓу нив треба да изнесува мин. 0.50 м.
- Минимално растојание при лоцирање на градежен објект до магистрален канал да изнесува 4.0 м., растојание од градежен објект до магистрален водовод помал од Ø 500 мм. а предвиден со ГУП на град Скопје- водоводен и канализационен систем да изнесува 5.0 м и растојание од градежен објект до магистрален водовод над Ø 500 мм. да изнесува 6.0 м.

- ***НАПОМЕНА***: Просторните податоци за линиските хидротехнички објекти , имаат важност 6 месеци од денот на издавањето.

ЈП „Водовод и канализација" - Скопје
Сектор за технички работи и развој
Раководител

дипл.град.инж. Ениса Реџепагиќ

Доставено до:
- Архива на Сектор за технички работи и развој
- Архива

Изготвил:

дипл.инж.арх. Маја Икономова

дипл.град.инж.Нина Шалева

Проверил:

М-р Хариклија Порчу, дипл.геод.инж.

Одобрил:

дипл.град.инж. Светлана Мутавџиќ


254/2
227/2
253/1
253/3
253/7
228/6
228/4
228/5
228/2
253/6
253/2
230/1
231
61
300
600
400
100
500
Бр. 1301-2322/1
07.08.2023 год.
ЛЕГЕНДА:
1:799
Постоечка водоводна мрежа
Постоечка фек. кан. мрежа
Проектирана водоводна мрежа
Проектирана атм. кан. мрежа
Проектирана фек. кан. мрежа

Република Северна Македонија

**Министерство за култура**

УПРАВА ЗА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО

Бр. 17 – 2527/2
18.08.2023 година
Скопје

ДО

**ЕВРО - ДЕКОР доо Скопје**

ул. „Ристо Равановски" бр.1

1000 СКОПЈЕ

Предмет: Доставување податоци
Врска: Ваше барање бр.25-07/23 од 07.2023 година.

Во врска со вашето барање за добивање податоци за постоење на културно наследство за изработка на **Урбанистички проект за стопански и индустриски намени на КП 228/4 и 228/5 за намена согласно Општ акт за с.Визбегово, општина Бутел**, Управата за заштита на културното наследство ја разгледа доставената и постојната документација и констатира дека во границите на опфатот не постои културно наследство, ниту добра за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство.

Доколку при реализацијата на планот се појави археолошко наоѓалиште, односно предмети од археолошко значење, треба да се постапи во согласност со одредбите од член 65 од Законот за заштита на културното наследство („Службен весник на Република Македонија" бр. 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19).

Со почит,

*в.д. Директор,*
*м-р Зоран Павлов*

Изработил: З. Тодоровски
Проверил/Одобрил: м-р Б. Јовановска


Управа за заштита на културното наследство
Directorate for Protection of Cultural Heritage
ул. „Павел Шатев" бр. 3, Скопје; П.Фах 220
contact@uzkn.gov.mk
+389 2 5517 700
www.uzkn.gov.mk

# ПОЗИТИВНИ МИСЛЕЊА

ЕВРО ДЕКОР ДОО

**Република Северна Македонија**
**Агенција за цивилно воздухопловство**

АГЕНЦИЈА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО

**ДО:** **ЕВРО - ДЕКОР ДОО Скопје**

**ПРЕДМЕТ:** Мислење

**ВРСКА:** Ваш бр. 4/9/2024 од 30.10.2024 година
*e-urbanizam, постапка бр. 65310*

Бр. 12-8/838
Скопје, 30.10.2024г.

Почитувани,

Во врска со доставеното барање, Ве известуваме дека стручните служби на Агенцијата за цивилно воздухопловство ја разгледаа изработената техничка документација:

**УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА СТОПАНСКИ И ИНДУСТРИСКИ НАМЕНИ ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА СОГЛАСНО УПВНМ - ИНДУСТРИСКА ЗОНА ВИЗБЕГОВО СО РАЗРАБОТКА НА БЛОК 12 КО ВИЗБЕГОВО, СО НАМЕНА Г4 - СТОВАРИШТА, СКЛАДОВИ И ОТПАДИ, НА КП 228/4,КП 228/5,КП 228/6 КП 226/3, КО ВИЗБЕГОВО,ОПШТИНА БУТЕЛ**

изработен од ЕВРО - ДЕКОР ДОО Скопје со тех.бр. 16-11/2023 од Август 2024година,

при што констатирано е дека забелешките дадени од наша страна со допис бр.12-8/1069 од 01.08.2023 година, а кои се однесуваат на безбедноста на воздушниот сообраќај се запазени/вградени во изработената техничка документација.

Врз основа на претходното издаваме ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ од аспект на безбедноста на воздушниот сообраќај за доставената проектна документација.

Мислењето се издава врз основа на чл.47 од Законот за урбанистичко планирање ("Сл.весник на РСМ" бр.32/20).

За дополнителни информации може да не контактирате на телефон 02/3181-609, секој работен ден од 7.30-15.30 часот.

Ви благодариме на соработката.

Со почит,

**Билјана Јованова**
Раководител на Одделение за аеродромска инфраструктура
*(по овластување од Директорот бр.02-1730/3 од 28.12.2023 година)*

E

z E
z yi ei l bgebeg gj yi vyge Dei ee

ул. „Даме Груев" број 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
т.: + 389 (2) 3 114 046 т.: + 389 (2) 3 181 601
info@caa.gov.mk www.caa.gov.mk

ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје
Друштво за дистрибуција на електрична енергија
**Бр. 10-23/2-411 од 14.10.2024**
Скопје

Одговорно лице: Ѓорги Полинцев

Контакт телефон: 072 931 729

**Предмет: Издавање на мислење за електроенергетски објекти и инфраструктура од ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ, Скопје**

Почитувани,

Во врска со Вашиот допис број 04-09/24 од 30.09.2024 година, со кој барате да дадеме мислење за УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА СТОПАНСКИ И ИНДУСТРИСКИ НАМЕНИ ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА СОГЛАСНО УПВНМ - ИНДУСТРИСКА ЗОНА ВИЗБЕГОВО СО РАЗРАБОТКА НА БЛОК 12 КО ВИЗБЕГОВО, СО НАМЕНА Г4 - СТОВАРИШТА, СКЛАДОВИ И ОТПАДИ, НА КП 228/4,КП 228/5,КП 228/6 КП 226/3, КО ВИЗБЕГОВО, ОПШТИНА БУТЕЛ, Ве известуваме дека **немаме** забелешки за постојните и новопланираните електроенергетски објекти и инфраструктура и Ви даваме **ПОЗИТИВНО** мислење.

При планирање, согласно пресметките за потребната едновремена моќност на планираните објекти, според вид, намена и сл. препорачуваме да се предвидат нови маркици за трафостаници со определена, дефинирана градежна парцела.

Услов е кај сите вкрстувања и приближувања до електроенергетски објекти и инфраструктура, да се запазуваат законските прописи и работни норми.

Задолжително да се почитуваат заштитните појаси на електроенергетските објекти согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија.

Доколку во опфатот е потребна промена или дислокација на електроенергетските објекти и инфраструктура, потребно е да се предвиди локација/траса за дислокација на објектите и инфраструктурата и инвеститорот е должен да ги надомести трошоците за дислокација. Еден од условите за позитивно мислење за одобрение за градење е претходно реализирана дислокација и/или промена предвидена во постапката за е-урбанизам (услови издадени од ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје)

Со почит,
Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје
Оддел Мрежен Инженеринг

k

z
k
z yi ei l bgelgl
gnyngyeg Dei ee

Македонски Телеком АД, Кеј 13-ти Ноември бр. 6, 1000 Скопје

Бр. 65310

Датум: 01.10.2024

До
ЕВРО - ДЕКОР ДОО Скопје
Ул.Ристо Равановски бр.1, Скопје

Предмет: Доставување на мислење

Согласно Вашето Барање за мислење добиено преку системот е-урбанизам за УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА СТОПАНСКИ И ИНДУСТРИСКИ НАМЕНИ ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА СОГЛАСНО УПВНМ - ИНДУСТРИСКА ЗОНА ВИЗБЕГОВО СО РАЗРАБОТКА НА БЛОК 12 КО ВИЗБЕГОВО, СО НАМЕНА Г4 - СТОВАРИШТА, СКЛАДОВИ И ОТПАДИ, НА КП 228/4,КП 228/5,КП 228/6 КП 226/3, КО ВИЗБЕГОВО,ОПШТИНА БУТЕЛ, Ви доставуваме ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ.

Кон ова ги додаваме и следните

**Услови за согласност**: Да се превземат сите неопходни мерки за заштита на постојната тк инфраструктура согласно техничките прописи или наша усогласеност. Доколку се јави потреба од заштита/дислокација на тк инфраструктурата, Ве молиме да поднесете барање до Секторот за продажба. Секоја евентуална штета која ќе биде направена во текот на работите врз тк инфраструктурата должни сте веднаш да ја пријавите на наша адреса.

Лице за контакт: Николче Тасевски, тел. 070/200-176.

Со почит,
Македонски Телеком АД Скопје
DEVOPS активности на оптика
и мрежи од следна генерација
По овластување на
Дејан Влаховиќ

7


**МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМ АД-СКОПЈЕ**
**Адреса: Кеј 13-ти Ноември 6, 1000 Скопје, Република Северна Македонија**
**Телефон: +389 2 3100 200 | Факс: +389 2 3100 300 | Internet: www.telekom.mk**
**Контакт центар за приватни корисници: +389 2 122, +389 70 122|E-Mail: kontakt@telekom.mk**
**Контакт центар за деловни корисници: +389 2 120, +389 70 120|E-Mail: biznis.kontakt@telekom.mk**
**ЕМБС: 5168660 | Основна главнина: МКД 9.583.887.733,00**
**ISO 9001, ISO 14001 и ISO 27001 сертифицирана компанија**

Република Северна Македонија
Јавно претпријатие за државни патишта

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ndërmarrja Publike për Rrugë Shtetërore

Бр/Nr. 10-10597/2

Скопје/Shkup 08 -10- 2024 година/viti

ДО ЕВРО-ДЕКОР доо
ул. Ристо Равановски бр. 1
1000 Скопје

**Предмет:Мислење**

Почитувани,

Врз основа на Вашето Барање број 04-09/24 од 30.09.2024 год. за добивање мислење за Урбанистички проект за стопански и индустриски намени за формирање на градежна парцела согласно УПВНМ-Индустриска зона Визбегово со разработка на блок 12, КО Визбегово, со намена Г4 – Стоваришта, складови и отпади, на КП 228/4, КП 228/5, КП 228/6, КП 226/3, КО Визбегово - Општина Бутел, Ве известуваме:

Стручната служба при Јавното претпријатие за државни патишта, го разгледа пристигнатиот прилог, заверен со евиденциски број на Јавното претпријатие 10-10597/1 од 04.10.2024 година:

- Комплет урбанистички проект.

Од доставените и разгледани прилози констатирано е дека по однос на Урбанистички проект за стопански и индустриски намени за формирање на градежна парцела согласно УПВНМ-Индустриска зона Визбегово со разработка на блок 12, КО Визбегово, со намена Г4 – Стоваришта, складови и отпади, на КП 228/4, КП 228/5, КП 228/6, КП 226/3, КО Визбегово - Општина Бутел, Јавното претпријатие за државни патишта нема забелешки и дава **позитивно мислење**, бидејќи предметниот проектен опфат не граничи со државен пат кој е во надлежност на Јавното претпријатие за државни патишта.

Со почит,

В.Д. Директор
Коце Трајановски

Изработил: Драгица Гашпарова
Контролирал: Кирил Каркалашев
Одобрил: Зоран Велков

**Акционерско друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост**

ул. Булевар Свети Климент Охридски бр.54, Скопје,
поштенски фах: 583
тел. 02 6090-137, 02 3116 555
e-mail: contact@nomagas.com.mk
www.nomagas.com.mk
ЕМБС: 7649401

Акционерско друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост,
Shoqëria Aksionare për ushtrimin e veprimtarisë energjetike përçimi i gazit natyror NOMAGAS Shkup në pronësi shtetërore

Бр.-Nr. 08-4664/2
01.10 20 24 год.viti.
Скопје-Shkup

До: **ЕВРО-ДЕКОР ДОО увоз-извоз Кочани**

Предмет: **Одговор на барање**

Врска: **Барање мислење,** ваш бр. 04-09/24 од 30.09.2024 година

Согласно вашето Барање мислење, ваш бр. 04-09/24 од 30.09.2024 година, за УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА СТОПАНСКИ И ИНДУСТРИСКИ НАМЕНИ ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА СОГЛАСНО УПВНМ - ИНДУСТРИСКА ЗОНА ВИЗБЕГОВО СО РАЗРАБОТКА НА БЛОК 12 КО ВИЗБЕГОВО, СО НАМЕНА Г4 - СТОВАРИШТА, СКЛАДОВИ И ОТПАДИ, НА КП 228/4,КП 228/5,КП 228/6 КП 226/3, КО ВИЗБЕГОВО,ОПШТИНА БУТЕЛ.

НОМАГАС АД Скопје ве известува дека дава **позитивно** мислење.

Со почит,

Изготвил:
Анита Тевдовска дипл.инж.арх.

Постапка:
65310

НОМАГАС АД Скопје
По овластување на директорот,
Раководител на Сектор
за изградба на гасоводен систем
Оливера Костанчева

Акционерско друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост
Shoqëria Aksionare për ushtrimin e veprimtarisë energjetike përçimi i gazit natyror NOMAGAS Shkup në pronësi shtetërore

МЕПСО
Оператор на електропреносниот систем на Република Северна Македонија
Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост, Скопје
Operatori i sistemit elektrotransmetues i Republikës së Maqedonisë së Veriut
Shoqëri aksionare për transmetim të energjisë elektrike dhe menaxhim me sistemin elektroenergjetik, në pronësi shtetërore, Shkup
Бр.-Nr. 10-6397/1
09.10 20 24 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Максим Горки бр.4, 1.000 Скопје
T: Кабинет на генерален директор
+ 389 (0) 2 3 149 811
Подружница ОЕЛС
+ 389 (0) 2 3 149 814
Подружница ОПМ
+ 389 (0) 2 3 149 813
Ф: + 389 (0) 2 3 111 160
www.mepso.com.mk

**ДО**
**ЕВРО ДЕКОР ДОО**
**Ул.Ристо Равановски бр.1**
**1000 СКОПЈЕ**

**Ваш број: 04-09/24 од 09.2024год.**
**Наш број: 10-6397 од 09.10.2024год.**

**ПРЕДМЕТ: Одговор по Ваше барање**

Почитувани,

Во Врска со Вашето барање за мислење за "УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА СТОПАНСКИ И ИНДУСТРИСКИ НАМЕНИ ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА СОГЛАСНО УПВНМ - ИНДУСТРИСКА ЗОНА ВИЗБЕГОВО СО РАЗРАБОТКА НА БЛОК 12 КО ВИЗБЕГОВО, СО НАМЕНА Г4 - СТОВАРИШТА, СКЛАДОВИ И ОТПАДИ, НА КП 228/4,КП 228/5,КП 228/6, КП 226/3, КО ВИЗБЕГОВО, ОПШТИНА БУТЕЛ" каде по разгледување на урбанистички проект прикачен во постапка со број 65310 на е-урбанизам, Ве известуваме дека врз основа на нашиот допис со бр. 11-4727/1 од 08.08.2023год., АД МЕПСО констатира дека на предметниот опфат нема во сопственост постоечка линиска инфраструктура, поради што даваме **позитивно мислење** за наведениот Урбанистички План.

- веќе потврдено со наш допис бр. 11-4727/1 од 23.01.2023год.

Со Почит,
Изработил: Бојан Николовски

Одобрил:
Раководител на Оддел ДВ
Арди Хамза

Директор на Подружница ОПМ
Васе Јовевски

Ко:
- Подружница ОПМ
- Оддел ДВ
- Одделение за припрема на ДВ
- Архива

0939-15086/2
28.10.2024

До: ЕВРО ДЕКОР ДОО Скопје

ПРЕДМЕТ: Мислење за утврдена состојба

65754

**Прилог:**

**Напомена**

в.д. Директор

______________________

Иван Живковски

Место за Дигитални потписи

| | | |
|---|---|---|
| Biljana Babunska Petrovska 21.10.2024 11:58 CEST | Biljana Ajtarska 21.10.2024 14:02 CEST | Ivan Zhivkovski 25.10.2024 15:25 CEST |

06 Декември 2024

Бр: 09-340/5

До ЕВРО - ДЕКОР ДОО

Предмет: Мислење , доставува.-

Врз основа на член 53 од Законот за заштита и спасување ( Сл. Весник на РСМ бр. 93/12 – пречистен текст 41/14, 129/15, 71/16, 106/16) а согласно член 1 и член 88 од Законот за општа управна постапка (Сл. Весник на РСМ бр. 124/15) и подзсконските акти , Подрачното Одделение за заштита и спасување –Гази Баба при Дирекција за заштита и спасување Ви го доставува следното

**М И С Л Е Њ Е**

**На** "УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА СТОПАНСКИ И ИНДУСТРИСКИ НАМЕНИ ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА СОГЛАСНО УПВНМ - ИНДУСТРИСКА ЗОНА ВИЗБЕГОВО СО РАЗРАБОТКА НА БЛОК 12 КО ВИЗБЕГОВО, СО НАМЕНА Г4 - СТОВАРИШТА, СКЛАДОВИ И ОТПАДИ, НА КП 228/4,КП 228/5,КП 228/6 КП 226/3, КО ВИЗБЕГОВО,ОПШТИНА БУТЕЛ

Дирекцијата за заштита и спасување -Подрачното Одделение за заштита и спасување Гази Баба од извршениот увид **На** "УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА СТОПАНСКИ И ИНДУСТРИСКИ НАМЕНИ ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА СОГЛАСНО УПВНМ - ИНДУСТРИСКА ЗОНА ВИЗБЕГОВО СО РАЗРАБОТКА НА БЛОК 12 КО ВИЗБЕГОВО, СО НАМЕНА Г4 - СТОВАРИШТА, СКЛАДОВИ И ОТПАДИ, НА КП 228/4,КП 228/5,КП 228/6 КП 226/3, КО ВИЗБЕГОВО,ОПШТИНА БУТЕЛ, изработено од ЕВРО - ДЕКОР ДОО , со тех број **16-11/2023**, констатира дека мерките за заштита и спасување во документацијата се соодветно вградени.

При усвојување на истиот да се почитуваат пропишаните мерки за заштита и спасување и заштита од пожари односно ширината на пристапниот пат за ПП возила не смее да биде помала од 5,5 метри и да се овозможи непречен пристап за противпожарните возила од најмалку две спротивни страни на објектите согласно Правилникот за мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни


Дирекција за заштита и спасување
Подрачно одделение ГАЗИ БАБА
Drejtoria për mbrojtje dhe shpëtim
Njësia rajonale GAZI BABË
ул. „Архимедова" бр.2
1000 Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Arhimedova" nr.2 1000 Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 3 165 708
Моб. 076 475 441
gazibaba@dzs.gov.mk

материи (Сл. Весник на РСМ бр.231/2020) и Правилникот за технички нормативи за хидранстката мрежа за гасење на пожари(Сл. Весник на РМ бр. 31/2006).
При усвојување на истиот потребно е да се почитуваат пропишаните мерки **за меѓусебното растојание на градбите** согласно член 24 од Правилникот за мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи (Сл. Весник на РМ бр.231/2020).

Предвидените мерки во приложената документација да се реализираат во целост, за нереализирање на истите одговорноста е на товар на инвестиорот.

Изработил/ **Punoi : Besa Bekteshi Bajrami**

**UDHËHEQËS/ РАКОВОДИТЕЛ**
**Besa Bekteshi Bajrami**

E E E

z
E E
E
z yi ei l bgi les
egyggyn Deg ee

Доставено до :
- насловот
- архива


Дирекција за заштита и спасување
Подрачно одделение ГАЗИ БАБА
Drejtoria për mbrojtje dhe shpëtim
Njësia rajonale GAZI BABË

ул. „Архимедова" бр.2
1000 Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Arhimedova" nr.2 1000 Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 3 165 708
Моб. 076 475 441
gazibaba@dzs.gov.mk

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
NDËRMARJA PUBLIKE
ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА
UJËSJELLËSI DHE KANALIZIMI
Број numer 1302-3794/2
Дата data 28-11-2024
СКОПЈЕ - SHKUP

ВИК-716-101.01

До: ЕВРО ДЕКОР ДОО Скопје
ул.„Ристо Равановски“ бр.1, 1000 Скопје
Предмет: 1302-3794/1 од 22.11.2024 год.
Дата: 27.11.2024 год.

**ПРЕДМЕТ**: Одговор на барање мислење **за УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА СТОПАНСКИ И ИНДУСТРИСКИ НАМЕНИ ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА СОГЛАСНО УПВНМ - ИНДУСТРИСКА ЗОНА ВИЗБЕГОВО СО РАЗРАБОТКА НА БЛОК 12 КО ВИЗБЕГОВО, СО НАМЕНА Г4.1-СПЕЦИЈАЛИЗИРАНИ СКЛАДИШТА, ДИСТРИБУТИВНИ ЦЕНТРИ СО СКЛАДОВИ НА КП 228/4,КП 228/5, КП 228/6 КП 226/3, КО ВИЗБЕГОВО,ОПШТИНА БУТЕЛ**

Почитуван/и,

Во врска со Вашето барање за мислење пристигнато преку страната на е-урбанизам и заведено кај нас под бр.1302-3794/1 од 22.11.2024 год. со кое ни доставувате Урбанистички Проект, Ве известуваме

Дека по разгледување на доставената документација констатираме дека се согласуваме со корегираните предвидени решенија во Урбанистичкиот проект.

Со почит,

ЈП „Водовод и канализација" - Скопје
Сектор за технички работи и развој
Раководител

дипл.маш.инж. Сергеј Шоптрајанов

Доставено до:
- Архива на Сектор за технички работи и развој
- Архива

Изготвил:

Дипл.маш.инж. Дина Петровска

Проверил:

дипл.град.инж. Ениса Реџепагиќ

Одобрил:

дипл.град.инж. Светлана Мутавџиќ

# ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ

ЕВРО ДЕКОР ДОО

## 1. ВОВЕД

На барање на нарачателот, изработен е **“Урбанистички проект за стопански и индустриски намени за формирање на градежна парцела согласно УПВНМ - индустриска зона Визбегово со разработка на Блок 12 КО Визбегово, со намена Г 4.1 – Специјализирани складишта, дистрибутивни центри со складови, на КП 228/4,КП 228/5,КП 228/6 и КП 226/3, КО Визбегово, Општина Бутел”.** Урбанистички проект за стопански и индустриски намени се изработува заради спроведување на планска документација, односно урбанистичкиот план вон населено место.

Со овој урбанистички проект за градежно земјиште, е остварена можноста да се изврши урбанистичко-архитектонска и планско-проектна разработка на катастарски парцели што ги исполнуваат условите и стандардите за формирање градежна парцела за соодветните стопански и индустриски намени што со урбанистички план вон населено место се наменети за изградба на стопански и индустриски намени, утврдена **во член 58 став (2),став 3 од Законот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр. 32/20 ,111/23,171/24 и 224/24), како и со член 54 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр. 225/20, 219/21, 104/22, 99/23).**

Локалитетот се наоѓа на територијата на Општина Бутел, а подрачјето е опфатено со одобрен **„Урбанистички план вон населено место: индустриска зона Визбегово, со разработка на Блок 12, КО Визбегово” Општина Бутел.** Оттаму, пристапено е кон изработка на **“Урбанистички проект за стопански и индустриски намени за формирање на градежна парцела согласно УПВНМ - индустриска зона Визбегово со разработка на Блок 12 КО Визбегово, со намена Г4.1 – Специјализирани складишта, дистрибутивни центри со складови, на КП 228/4,КП 228/5,КП 228/6 и КП 226/3, КО Визбегово, Општина Бутел”.**

Со овој урбанистички проект се врши урбанистичко-архитектонска раазработка на градежна парцела која се формира на две катастарски парцели КП 228/4 и КП 228/5 ,како и категоризирање на постојниот пристапен пат,со кој се обезбедува пристап до новофоромираната ГП.Истите се дел од Блок 6 во планскиот опфат на „Урбанистички план вон населено место: индустриска зона Визбегово, со разработка на Блок 12, КО Визбегово” Општина Бутел, каде што градежни парцели не се формирани, а предвидена е наменска зона со намена Г2, Г3, Г4 – лесна и незагадувачка индустрија, сервиси и стоваришта. Се определуваат површини за градење во рамките на катастарската парцела, се утврдува намената на земјиштето, максималната висина за градење изразена во метридо венец, катноста, организацијата на внатрешниот динамичен и стационарен сообраќај, нивелманско и партерно решение, озеленување и основни водови на инфраструктурата.

Предмет на урбанистичкиот проект е разработка на урбанистичкиот план што се однесува на определување на диспозицијата и формата на површините за градење, со обезбедување на растојанија на површините за градење до границите на градежната парцела не помали отколку што се кај соседните парцели, организацијата на внатрешниот сообраќај и инфраструктурите во проектниот опфат, без да се менуваат параметрите на вкупно изградената површина за градење, намената на земјиштето и објектите и максималната виочина и другите параметри уредени со урбанистичкиот план,како и категоризирање на пристап до градежната парцела.

Сите поединечни елементи на овој урбанистички проект содржат текстуален дел со нумерички показатели за планираната состојба, како и потребен број на графички прилози.

Урбанистичкиот проект се спроведува согласно одредбите на **Законот за урбанистичко планирање** (Сл. весник на РСМ бр. 32/20 , 111/23,171/24 и 224/24) и **Правилникот за урбанистичко планирање** (Сл. весник на РСМ бр. 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23), ,како и приложениот Извод од Урбанистички план вон населено место за индустриска зона Визбегово, општина Бутел.

Исто така, урбанистичкиот проект е изработен врз основ на ажурирана геодетоска подлога, согласно Геодетскиот Елаборат за геодетски работи за посебни намени – за ажурирање на геодетски работи, КО Визбегово **со бр. 0811-077/4, од 01.08.2024 година, изработен од "ГЕО АРТ" ДООЕЛ, Скопје.**

## 2. ГЕОГРАФСКО И ГЕОДЕТСКО ОДРЕДУВАЊЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ

Предмет на разработка на овој Урбанистички проект за стопански и индустриски намени е формирање на градежна парцела, со намена Г 4.1. - **Специјализирани складишта, дистрибутивни центри со складови**, на КП 228/4 И 228/5,и дефинирање и категоризирање на пристапна улица која ќе обезбеди пристап до новоформираната ГП а ги опфаќа КП228/6 и КП 226/3 .

Границата на проектниот опфат кој е предмет на разработка на овој урбанистички проект, се поклопува со границите на катастарските парцели КП 228/4,КП 228/5,КП 228/6 И КП 226/3, КО Визбегово, кои се дел од Блок 6 во планскиот опфат на „Урбанистички план вон населено место: индустриска зона Визбегово, со разработка на Блок 12, КО Визбегово" Општина Бутел.

Границата на проектниот опфат ги има следниве координати:

| | x | y |
|---|---|---|
| 1 | 7532724.97 | 4655321.35 |
| 2 | 7532752.89 | 4655324.98 |
| 3 | 7532754.73 | 4655325.22 |
| 4 | 7532755.51 | 4655325.32 |
| 5 | 7532760.59 | 4655326.01 |
| 6 | 7532785.41 | 4655329.36 |
| 7 | 7532787.41 | 4655329.63 |
| 8 | 7532836.75 | 4655336.81 |
| 9 | 7532856.63 | 4655339.70 |
| 10 | 7532861.95 | 4655340.77 |
| 11 | 7532869.99 | 4655303.68 |
| 12 | 7532896.15 | 4655308.07 |
| 13 | 7532917.65 | 4655311.68 |
| 14 | 7532927.30 | 4655314.29 |
| 15 | 7532924.80 | 4655317.76 |
| 16 | 7532917.58 | 4655327.76 |
| 17 | 7532916.67 | 4655329.19 |
| 18 | 7532916.30 | 4655328.91 |
| 19 | 7532915.88 | 4655328.58 |
| 20 | 7532914.42 | 4655327.45 |
| 21 | 7532903.36 | 4655345.50 |
| 22 | 7532900.10 | 4655350.84 |
| 23 | 7532898.61 | 4655353.28 |
| 24 | 7532892.96 | 4655349.06 |
| 25 | 7532828.52 | 4655338.33 |
| 26 | 7532828.13 | 4655341.71 |
| 27 | 7532769.50 | 4655333.98 |
| 28 | 7532752.62 | 4655331.75 |
| 29 | 7532730.06 | 4655328.81 |
| 30 | 7532689.00 | 4655323.45 |
| 31 | 7532643.27 | 4655317.48 |
| 32 | 7532641.94 | 4655314.54 |
| 33 | 7532641.16 | 4655313.08 |
| 34 | 7532639.95 | 4655310.81 |
| 35 | 7532658.37 | 4655312.46 |
| 36 | 7532666.93 | 4655313.61 |
| 37 | 7532668.53 | 4655313.83 |
| 38 | 7532695.18 | 4655317.42 |
| 39 | 7532696.65 | 4655317.62 |
| 40 | 7532724.80 | 4655321.33 |

Просторот за кој се изработува овој урбанистички проект има површина **3349.85m²**, односно **0.33ha** а границата на проектниот опфат е прикажана во секој од графичките прилози.

## 3. ИЗВОД ОД УПВНМ ЗА ИНДУСТРИСКА ЗОНА ВИЗБЕГОВО, ОПШТИНА БУТЕЛ (БЛОК 6 И БЛОК 7)

Опфатот на урбанистички проект, ги опфаќа КП 228/4, КП 228/5,КП 228/6 и КП 226/3 со намена намена Г 4.1. - **Специјализирани складишта, дистрибутивни центри со складови** од УПВНМ за индустриска зона Визбегово, Општина Бутел која е во опфат на донесена планска документација „Урбанистички план вон населено место: индустриска зона Визбегово, со разработка на Блок 12, КО Визбегово” Општина Бутел.

Основ за изработка на Урбанистичкиот проект е Изводот од „Урбанистички план вон населено место: индустриска зона Визбегово, со разработка на Блок 12,

КО Визбегово" Општина Бутел (донесен со Одлука бр.08-1555/13 од 17.11.2016 година).

Со изводот од УПВНМ, дефинирани се следниве параметри:

- Намената на земјиштето се уредува на ниво на наменска зона – за конкретните катастарски парцели Г2, Г3, Г4 - лесна и незагадувачка индустрија, сервиси и стоваришта, со компатибилна намена Б – деловни и комерцијални дејности
- Процент на изграденост – 70%
- Коефициент на искористеност: до 2.00

Во урбанистичкиот план вон населено место не се формирани градежни парцели, а катастарските парцели ги задоволуваат условите за формирање на градежна парцела пропишани во подзаконскиот акт.

Овие урбанистички податоци претставуваат влезни параметри и се услов при изработката на урбанистичкиот проект, во однос на определувањето на урбанистичките параметри за новоформираната градежна парцела.

## 4. ПРОЕКТНА ПРОГРАМА

Урбанистичкиот проект е изработен врз основа на проектна програма, потпишана од нарачателот.

## 1. ПРОЕКТНА ПРОГРАМА

Согласно приложените урбанистичко плански документации: Извод од УПВНМ - индустриска зона Визбегово со разработка на блок 12 КО Визбегово, Општина Бутел (донесен со Одлука бр. 08-1555/13 од 17.11.2016 година), бр. 2301-122/2 од 10.03.2023 год. и Извод од УПВНМ - индустриска зона Визбегово со разработка на блок 12 КО Визбегово, Општина Бутел (донесен со Одлука бр. 08-1555/13 од 17.11.2016 година), бр. 2301-122/3 од 10.03.2023 год., да се изработи урбанистички проект за стопански и индустриски намени за формирање градежна парцела со намена Г4 – Стоваришта, складови и отпади. Истиот треба да биде изработен во согласност со Законот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр. 32/20 и 111/23), Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр. 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23) и другите важечки прописи од областа. Покрај урбанистичкиот дел, во урбанистичкиот проект да се приложи и идеен проект со сите потребни текстуални и графички прилози. Урбанистичкиот проект треба да се изработи на ажурирана геодетска подлога изработена од овластено правно лице.

Површината на проектниот опфат изнесува 3349.85 $m^2$. Градежната парцела да се формира на дел од КП 228/4 И 228/5, КО Визбегово и да биде со површина од1885,12$m^2$ додека останатиот дел од проектниот опфат да се испланира за дефинирање на пристапана улица до новоформираната ГП.

За формираната градежна парцела да се предвиди класа на намена Г4 – стоваришта, складови и отпади, односно поединечна намена Г4.1 – Специјализирани складишта, дистрибутивни центри со складови како и да се предвиди компатибилна намена Б4.1 – Деловни згради со канцеларии и управни корпорациски згради. Во рамки на градежната парцела да се предвиди една површина за градење, со површина под објект од околу 972.88$m^2$, или вкупна изградена површина до 2,918.64$m^2$, и катност П+2, во согласност со параметрите од Правилникот за урбанистичко планирање. Со урбанистичкиот проект треба да се предвиди соодветно партерно уредување со пешачки патеки и зеленило. Паркирањето да се реши во градежната парцела, согласно потребите за деловниот простор.

При изработката на урбанистичкиот проект да се обезбедат податоци и информации од сите надлежни субјекти согласно член 47 од Законот за урбанистичко планирање. Сѐ друго што не е опфатено со проектната програма, да се усклади со постоечките прописи од областа на урбанизмот и проектирањето.

Составил – одговорен планер:
Андреј Лазаров, д.и.а.

Согласен - инвеститор:
Трговско друштво за промет на големо и мало "ГЛОРИ - ГБ" ДООЕЛ
Преку полномошникот
Андреј Лазаров, д.и.а.

## 5. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА: ЗЕМЈИШТЕТО ВО ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ, ИЗГРАДЕНИОТ ГРАДЕЖЕН ФОНД, ВКУПНАТА ФИЗИЧКА СУПРАСТРУКТУРА И ИНФРАСТРУКТУРА ВО РАМКИ НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ

Земјиштето во рамките на проектниот опфат е неизградено градежно земјиште и некатегоризиран постојан пат.КП 228/6, од која се пристапува до новопланираната градежна парцела чии граници ги опфаќа КП 228/4 и КП 228/5, КО Визбегово, Општина Бутел постои Договор за дар на недвижен имот, со ОДУ број 65/23, заверен кај нотар Румена Спирова, на ден 24.04.2023 година во Скопје, кој е во прилог на оваа проектна документација. Со наведениот договор, КП 228/6, КО Визбегово се предава идеален дел од недвижниот имот во сопственост и владение на инвеститорот на овој урбанистички проект, запишано во имотен лист бр. 787, издаден од Агенција за катастар на недвижности Скопје, под број 1105-77404/2023 од 24.04.2023 година, кој исто така е во прилог на оваа проектна документација.

Дополнително, обезбедени се податоци и информации од надлежните органи и субјекти со јавни овластувања и според истите во рамки на планскиот опфат евидентирано е постоење на следните инфраструктурни градби, инсталации, водови и објекти:

- Согласно обезбедени Податоци и информации од **Агенција за цивилно воздухопловство, бр.25-07/23 од 31.07.2023 година**, констатирано е дека во предметниот проектен опфат е во зона на спортскиот аеродром Скопје Стенковец, на 2007 m јужно од референтната точка на аеродромот, во т.н. хоризонтална рамнина за ограничување на препреки, чија елевација изнесува 363 мнв, односно локација што се пропишани посебни услови за градба од аспект на безбедноста на воздушниот сообраќај. Имајќи го во предвид претходното, а согласно член 76 од Законот за воздухопловство, потребно е во наведената документација, заради одржување на безбеноста на воздушниот сообраќај да се запази следната одредба: ***Максималната височина на било кој објект или надземна структура во зафатот да не надминува елевација од 363 мнв.***
- Согласно обезбедени Податоци и информации од **АД за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС АД Скопје во државна сопственост, бр.15-3364/2 од 01.08.2023 година**, констатирано е дека во предметниот проектен опфат немаат и не планираат свои објекти и инфраструктура.
- Согласно обезбедени Податоци и информации од **Електродистрибуција дооел Скопје, бр. 10-25/2-538 од 11.08.2023 година**, во проектниот опфат и во негова близина се изведени ЕЕ инфраструктурни водови и тоа 0.4 kV подземна мрежа.

- Согласно обезбедени Податоци и информации од **Македонски Телеком АД Скопје, бр.54362 од 04.08.2023 година**, констатирано е дека во предметниот проектен опфат немаат свои објекти и инфраструктура.
- Согласно обезбедени Податоци и информации од **Јавно претпријатие за државни патишта, бр.10-7392 од 09.08.2023 година**, констатирано е дека предметниот проектен опфат не граничи со државен пат кој е во надлежност на Јавното претпријатие за државни патишта.
- Согласно обезбедени Податоци и информации од **АД МЕПСО Скопје, бр.11-4727/1 од 08.08.2023 година**, констатирано е дека во предметниот проектен опфат не се пресекува со ЕЕ објекти во сопственост на АД МЕПСО.
- Согласно обезбедени Податоци и информации од **Министерство за култура – Управа за заштита на културно наследство, бр.17-2527/2 од 18.08.2023 година**, констатирано е дека во предметниот проектен опфат не постои културно наследство, ниту добра за кои основано се ппретпоставува дека претставуваат културно наследство.

  Доколку при реализција на планот се појави археолошко наоѓалиште односно предмети од археолошко начење, треба да се постапи во согласност со одредбите од член 65 од Законот за заштита на културното наследство („Службен весник на РМ", бр.20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19).

- Согласно обезбедени Податоци и информации од **ЈП Водовод и Канализација Скопје, бр.1302-2322 од 08.08.2023 година**, се упатува на користење на решенија за хидротехничката инфраструктура кои се наоѓаат во состав на Општ акт за село Визбегово и изработени Основни проекти (ако такви постојат) за водовод, фекална и атмосферска канализација за предметниот локалитет кои треба да се добијат од Општина Бутел и решенијата од ГУП на Град Скопје.

По поднесено барање за издавање податоци и информации (Е-урбанизам бр.на постапка 54362), не е обезбеден одговор во законски предвидениот рок од:

- Општина Бутел,
- Македонски Енергетски ресурси,
- Министерство за труд и социјална политика,
- Министерство за животна средина и просторно планирање,
- Министерство за одбрана,
- Министерство за внатрешни работи,
- ЈП Македонски Железници Инфраструктура,
- ЕСМ Дистрибуција на топлина ДООЕЛ Скопје,
- АД ЕЛЕМ,
- ДЗС Чаир,
- АД Водостопанство – Скопје Поле ,

- АД ГА-МА,
- Агенција за електронски комуникации,
- А1 Македонија ДООЕЛ, Скопје.

## 6. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРОЕКТНИОТ КОНЦЕПТ НА УРБАНИСТИЧКОТО РЕШЕНИЕ

Предметниот **Урбанистичкиот проект е изработен врз основа на Изводот од „Урбанистички план вон населено место: индустриска зона Визбегово, со разработка на Блок 12, КО Визбегово” Општина Бутел (донесен со Одлука бр.08-1555/13 од 17.11.2016 година)**.Земјиштето на катастарските парцели е градежно ,но не е парцелирано.Согласно Законот за урбанистичко планирање како и постојната планска документација,катастарските парцели кои ги задоволуваат условите за формирање на градежна парцела пропишани во подзаконскиот акт,можат да се оформат со Урбанистички проект.

## 7. ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ГРАДБА

### 7.1. ДЕТАЛНИ УСЛОВИ ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ И ГРАДБА

Условите за проектирање и градење се однесуваат на градежна парцела 1.1, согласно овој урбанистички проект.

- **Природа на зафатот**

Со овој урбанистички проект се формира градежна парцела од КП 228/4 И 228/5 КО Визбегово и се предвидува изградба на објекти со намена **Г4.1 – Специјализирани складишта, дистрибутивни центри со складови** како и пристап до истата односно се **категоризира пристапна улица**. Притоа,во рамки на ГП се определуваат димензиите на габаритот на предвидениот објект просторната композиција, се решава внатрешниот динамичен и стационарен сообраќај, како и партерното уредување и зеленилото во рамките на парцелата, и се решаваат приклучоците, објектите и водовите на внатрешниот развод на комуналните инфраструктури.

- **Проектен опфат**

Проектниот опфат ги опфаќа катастарските парцели КП 228/4 ,КП 228/5,КП 228/6 и КП 226/3 КО Визбегово. Границата на проектниот опфат е прикажана во графичките прилози на овој урбанистички проект.

Површината на проектниот опфат во рамките на дефинираните граници изнесува 3349.45 $m^2$.

- **Намена на земјиштето и градбите**

Со „Урбанистички план вон населено место: индустриска зона Визбегово, со разработка на Блок 12, КО Визбегово" Општина Бутел (донесен со Одлука бр.08-1555/13 од 17.11.2016 година), за предметната локација предвидена е Г2,Г3 и Г4 намена. Согласно член 77 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр. 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23), со овој урбанистички проект се утврдува поединечна намена за градежната парцела и тоа Г4.1 – Специјализирани складишта, дистрибутивни центри со складови и Е1.1-Сообраќајни патни инфраструктури.

- **Површина за градење, градежна линија и максимална висина на градба**

Диспозицијата на површината за градба е дадена во графичките прилози на овој урбанистички проект. Површината за градба е прилагодена на обликот на градежната парцела, со височина за градење од 13.20m и катност П+2.

Површината за градење во рамките на градежната парцела изнесува 972.88m², додека вкупната изградена површина изнесува 2,918.64m².

- **Процент на изграденост и коефициент на искористеност**

Процентот на изграденост е урбанистичка величина која ја покажува густината на изграденост, односно колкав дел од градежното земјиште е зафатен со градба и истиот се пресметува како однос помеѓу површината на земјиштето под градбата и површината на градежната парцела.

Коефициент на искористеност на земјиштето е урбанистичка величина која го покажува интензитетот на изграденост на градежното земјиште и истиот се добива како однос помеѓу вкупната изградена површина, односно збирот на површините на сите изградени спратови на градбата и површината на градежната парцела, изразен со рационален број до две децимали.

За градежната парцела 1.1, со овој урбанистички проект предвидениот процент на изграденост изнесува 51.61%, а коефициентот на искористеност 1.55, што е во рамките на параметрите зададени со изводот од УПВНМ.

- **Паркирање и гаражирање**

Пристапот до градежната парцела е од новопланираната пристапна улица од северозападната страна на проектниот опфат,за која е изработен "ОСНОВЕН СООБРАЌАЕН ПРОЕКТ за сообраќајно решение за утврдување на режим на сообраќај на пристапната сообраќајница на КП 226/3 и 228/6, КО Визбегово, Општина Бутел"

Во рамки на градежната парцела треба да се предвидат паркинг места во зависност од појавата на деловен простор. Паркирањето е решено во рамки на градежната парцела, со обезбедени 2 (две) паркинг места, а доколку се потребни дополнителни паркинг места, истите ќе се обезбедат во рамки на планираниот

објект, според потребите на инвеститорот на оваа урбанистичко-проектна документација.

- **Озеленување**

Планирано е соодветно хортикултурно уредување на парцелата при што доминираат тревнатите површини и украсни жбунести растенија од типот lavandula hybrida, hibiscus siriacus и forsythia intermedia, како и зимзелени жбунести растенија од типот prunus laurocerasus и machoniaaquifolium. Во периферните делови на парцелата планирано е засадување високо зеленило со зимзелени и листопадни садници од типот abies concolor, pinus nigra, tilia parvifolia и acer pseudoplatanus.

0Со урбанистичкиот проект предвидени се 443.99m² зелени површини на партер, што претставува 23.55% од површината на градежната парцела.

- **Инфраструктура**

Основните решенија на комуналната инфраструктура се изработени врз основа на податоците и информациите за инфраструктурни водови добиено од надлежните институции. Истите се изработени во согласност со постојните важечки прописи за проектирање на ваков вид објекти, приспособени на локалните услови, односно диктирани од нив (локациски, релјефни карактеристики и условеноста од постојната изведена инфраструктурна мрежа). Решението на основните водови на внатрешните разводи на комуналната инфраструктура е прикажано во графичките прилози на овој урбанистички проект.

За предметниот опфат има постојна документација УПВНМ во која се дефинирани профилите на сите инфраструктури(водоводна,атмосферска и канализациона) а добиени се податоци и од надлежната институција ЈП Водовод и Канализација.Со проектно решение се планира приклучок кон планраните и постојни инфраструктурни мрежи.

За истите задолжително е да се решаваат преку основни проекти за чија реализација ќе бидат дадени основни податоци од претпријатијата кои стопанисуваат со комуналната инфраструктура на територијата на проектниот опфат.

- **Културно наследство**

Во рамки на проектниот опфат не се регистрирани културни добра. Доколку при изведувањето на земјаните работи се наиде на археолошки артефакти, односно дојде до откривање на материјални остатоци со културно-историска вредност, потребно е да се постапи во согласност со Законот за заштита на културното наследство(„Службен весник на Република Македонија" број 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19) односно веднаш да се запре со отпочнатите градежни активности и да се извести надлежната институција за заштита на културното наследство.

## ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА 1.1

На градежна парцела **ГП 1.1** со површина од **1885.12m²** е предвидена површина за градба за објект со класа на намена **Г4.1 – Специјализирани складишта, дистрибутивни центри со складови**, со површина за градење од **972.88m²** и бруто развиена површина од **2,918.64m²**. Објектот има максимална висина од **H=13.20м** и катност од **П+2**, со процент на изграденост од **51.61%** и коефициент на искористеност од **К=1.55 – согласно правилник.**

### Намена

Според проектната програма на инвеститорот формираната градежна парцела треба да се планира со намена:

**Г 4 – СТОВАРИШТА, СКЛАДОВИ И ОТПАДИ**

**Г4.1 – Специјализирани складишта, дистрибутивни центри со складови**

Класата на намена Г 4.1 - Специјализирани складишта, дистрибутивни центри со складови коегзистира со компатибилни класи на намена на основната кпаса на намена како што се:

- **Б4.1** – Деловни згради со канцеларии и управни корпорациски згради, со максимален дозволен процент на учество во основната класа на намена од 40%;

| КП 228/4 И КП 228/5 | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Број на градежна парцела | Намена на објекти | Компатибилни намени | Катност на објекти | Висина на објекти до венец m' | Површина m2 | Максимална површина за градба m2 | Вкупна изградена површина m2 | Процент на изграденост % | Коефициент на искористеност (К) | Процент на зеленило во ГП | Број на паркинг места |
| 1.1 | Г 4.1 | Б1 до 40% | П+2 | 10.20 | 1885.12 | 972.88 | 2918.64 | 51.61% | 1.55 | 401.82 | 2 - во рамки на ГП |
| **ВКУПНО** | | | | | **1,885.12** | **972.88** | **2,918.64** | **51.61%** | **1.55** | **21.32%** | **2** |

## 8. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Заштитата и унапредувањето на животната средина е темелна вредност на Уставот на РМ (Член 8) и е регулирана со Законот за животна средина(„Службен весник на Република Македонија" број 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15 39/16, 99/18 и 89/22).Планските и проектните решенија, покрај другите фактори суштествени при дефинирање на плановите односно проектите произлегуваат и од факторот - заштита и унапредување на животната средина. Превентивната заштита на животната средина претставува еден од елементите на развој и појдовна основа за глобално управување со животната средина, засновано врз принципите на одржлив развој. Заштитата на животната средина е императив на овој проект. Со овој урбанистички проект заштитата се однесува на:

- заштита на воздухот;
- заштита на водата;
- заштита на почвата;
- заштита на животната средина преку организирано прифаќање на комуналниот отпад;
- заштита од бучава.

На заштитата и унапредувањето на квалитетот и состојбата на медиумите на животната средина: почвата, водата, воздухот, на областите на животната средина, на биолошката разновидност и другите природни богатства, како и на заштитата на озонската обвивка и заштитата од негативното влијание на човекот врз климатскиот систем покрај одредбите од овој закон се применуваат и одредбите на законите за одделни медиуми и области на животната средина.

Заштитата на медиумите и одделните области на животната средина се постигнува преку превземање на мерки и активности кои се однесуваат на заштитата од штетни влијанија утврдени со законот за заштита на животната средина и посебните закони од:

- вршењето различни дејности;
- загадувачките супстанци и технологии;
- отпадот;
- бучавата и вибрациите;
- јонизирачкото и нејонизирачкото зрачење;

Заштитата и унапредувањето на животната средина е систем на мерки и активности (општествени, политички, социјални, економски, технички, образовни и др.) со кои се обезбедува поддршка и создавање услови за заштита од загадување, деградација и влијание на/врз медиумите и одделните области на животната средина (заштита од осиромашување на озонската обвивка, спречување на штетната бучава и вибрации; заштита од јонизирачко и од нејонизирачко зрачење, заштита од непријатна миризба и користење на депонирање на отпадоците и друг вид на заштита на животната средина).

Животната средина е простор со сите живи организми и природни богатства, односно природните и создадените вредности, нивните меѓусебни односи и вкупниот простор во кој живее човекот и во кој се сместени населбите, добрата во општа употреба, индустриските и другите објекти, вклучувајќи ги и медиумите и областите на животната средина.

Загадување на животната средина е емисија во воздухот, водата или почвата, која што може да биде штетна за квалитетот на животната средина, животот и здравјето на луѓето или, емисија од која што може да произлезе штета за имотот која ги нарушува или влијае врз биолошката и пределската разновидност и врз другите пропишани начини на користење на животната средина.

За реализација на системот за заштита на животната средина потребно е да се почитува следното:

- зачувување на амбиенталните, естетските и рекреативните потенцијали на просторот;
- изградба на современа инфраструктура;
- селектирано и организирано депонирање на отпадот со контролиран транспортен систем во депонијата
- озеленување на површината со високо и ниско зеленило кои значително ќе придонесе за микроклимата на овој дел
- заштита на планираните коридори наменети за енергетска инфраструктура од градба на објекти и друга инфраструктура
- при преземањето активности или при вршењето дејности да се обезбеди висок степен на заштита на животната средина и на животот и здравјето на луѓето
- загадувачот е должен да ги надомести трошоците за отстранување на опасноста од загадување на животната средина, да ги поднесе трошоците за санација и да плати правичен надомест за штетата причинета врз животната средина, како и да ја доведе животната средина, во најголема можна мерка, во состојба како пред оштетувањето.

## 8.1 Заштита на водата

Заштитата на водата се третира како превентивна заштита.

Анализата на влијанијата врз животната средина како превентива има за цел да ги идентификува можните проблеми, да ги рационализира трошоците и направи оптимален избор на мерките за заштита на животната средина. За разлика од „пасивниот" пристап (со кој се применуваат заштитни мерки по настанатиот проблем, што претставува финансиско оптоварување на производителите и давачите на услуги, општеството во целост како основна причина за натрупување на нерешените проблеми и загадување на животната средина), превентивната заштита на животната средина се трансформира во елемент на развој и појдовна основа за глобалното управување со животната средина засновано врз принципите на одржлив развој.

Превентивната заштита на водата при подземно водење на инфраструктурните водови за водоснабдување и прифаќање на отпадните води, како подземни инсталации се однесува во нивната монтажа, експлоатација, одржување и интервенција. Водовите да се постават во сè според техничките нормативи и стандарди кои ќе ја обезбедат нивната сигурност, безбедност и долготрајност во експлоатацијата, ракувањето и одржувањето. Изборот на материјалите да биде во согласност со важечките стандарди и нормативи и квалитетно, без хаварии и долготрајно со најмали замени и интервенции да го опслужуваат секој поединечен корисник.

### 8.2 Мерки за заштита на површинските и подземните води

Со цел да се минимизира или целосно елиминира потенцијалната опасност од контаминација на водите од евентуално истекување или протекување на гориво, при изведувањето на градежните активности на предметното подрачје потребно е да се избегнува сервисирање на градежната опрема или полнење со гориво.

Управувањето со квалитетот на водите и воздухот индиректно ја зголемува и функционалноста на почвата, како краен реципиент на загадувачите отстранети од овие два медиума.

Отпадните води пред да се испуштат во реципиентот мора да бидат подложени на третман на пречистување, односно да бидат доведени до квалитет пропишан со Уредбата за категоризација на водотеците, езерата, акумулациите и подземните води.

### 8.3 Заштита на почвата

Со проектите за хортикултура да се утврдат исклучиво декоративни насади. Од оваа условеност не се очекува значајно загадување на почвата и површинските води од пестициди.

Секој друг извор на загадување на почвата ќе се утврди дополнително преку проектната документација за секоја градба, при што заштитата на животната средина, со посебен осврт на заштитата на почвата, мора посебно да биде обработена и во која децидно, плански, ќе бидат дефинирани заштитните мерки.

### 8.4 Мерки за управување со отпадот

По завршување на активностите на терен шутот треба да биде уредно одложен на депонија. Согласно Законот за управување со отпад („Службен весник на Република Северна Македонија" број 216/21)создавачите на отпад се должни во најголема можна мера, да го избегнат создавањето на отпад и да ги намалат штетните влијанија на отпадот врз животната средина, животот и здравјето на луѓето. При управување со отпадот по претходно извршената селекција, отпадот треба да биде преработен по пат на рециклирање, повторно употребен во истиот или во друг процес за екстракција на секундарните суровини или пак да се искористи како извор на енергија. После соодветниот третман се препорачува задолжително депонирање на отпадните материи во депонија. Со планот се предвидува

селектирање на цврстиот отпад и разгледување на алтернативните можности за рециклирање на истиот и негова повеќекратна употреба пред истиот да биде одложен на депонија. Предвидено е организирано собирање и одложување на отпадот во постојната депонија.

Создавачот и/или поседувачот на отпадни материи и емисии ќе ги сноси сите трошоци за санација на евентуално предизвиканите нарушувања во животната средина.

### 8.5 Мерки за заштита на воздухот

Вегетациската покривка изложена на висока концентрација на честици во воздухот може да биде оштетена кога истите се наоѓаат во комбинација со другите присутни полутанти во воздухот, создадени како резултат на мобилните извори на загадување, посебно изразени на просторот кој е предмет на анализа. Крупните честици, како прашината која паѓа директно на површината на земјата, ја редуцираат размената на гасови и процесите на фотосинтеза што води кон редукција на растот кај растенијата. Со цел да се спречи редукција на растот кај видовите се препорачува контрола на квалитетот на воздухот и превземање на мерки за запазување на дозволените концентрации на присутни полутанти во воздухот.

Нивоата на емисии во воздухот треба да бидат усогласени со Правилникот за гранични вредности за дозволени нивоа на емисии и видови на загадувачки супстанции во отпадните гасови и пареи кои ги емитираат стационарните извори во воздухот (Сл. весник на РМ бр.141/10).

### 8.6 Мерки за заштита од бучава во животната средина

За минимизирање на бучавата се препорачува употреба на современа механизација во периодот на градба и запазување на дозволените нивоа на бучава во животната средина во текот на експлоатациониот период.

Заради успешна имплементација на системот за заштита на животната средина при реализација на предвидените активности, потребно е да се почитува следното:

- зачување на амбиенталните и есетските потенцијали на просторот;
- озеленување на околните површини со високо и ниско зеленило;
- селектирано и организирано депонирање на отпадот со контролиран транспортен систем;
- изградба на современа инфраструктура;
- заштита на планираните коридори наменети за енергетска инфраструктура од градба на друга инфраструктура.

При вршењето на предвидените активности да се обезбеди висок степен на заштита на животната средина и животот и здравјето на луѓето кои претстојуваат во непосредната околина. Потребно е да се нагласи дека загадувачот е должен да ги надомести трошоците за отстранување на опасноста од загадување на животната

средина, да ги поднесе трошоците за санација и да плати правичен надомест за штетата причинета врз животната средина, како и да ја доведе животната средина, во најголема можна мерка, во состојба како пред оштетувањето.

## 9. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ

Врз основа на член 29 од Законот за заштита и спасување(„Службен весник на Република Македонија" број 93/12 - пречистен текст, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18) се предвидуваат мерки за заштита и спасување на луѓето и материјалните добра од природни непогоди, епидемии, епизоотии, епифитотии и други несреќи во мир и во војна и од воени дејства во Република Северна Македонија.

Мерки за заштита и спасување се: урбанистичко-технички и хуманитарни и други мерки за заштита и спасување кои би се појавиле при и по природните непогоди и други несреќи, а не се предвидени со овој закон.

Урбанистичко-технички мерки се:

- засолнување
- заштита и спасување од поплави
- заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи
- заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства
- заштита и спасување од урнатини
- заштита и спасување од техничко-технолошки несреќи и
- спасување од сообраќајни несреќи.

Хуманитарни мерки се:

- евакуација
- згрижување на загрозеното и настраданото население
- радиолошка, хемиска и биолошка заштита
- прва медицинска помош
- заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло
- заштита и спасување на растенија и производи од растително потекло
  - асанација на теренот.

### 9.1 Засолнување

Република Северна Македонија има обврска за изградба на јавни засолништа само во случај на исклучително загрозени објекти што ќе ги утврди Дирекцијата врз основа на геолошко-хидролошките и сеизмичките карактеристики на земјиштето и на капацитетот на задоволување на потребите за засолнување.

Единиците на локалната самоуправа имаат обврска да градат јавни засолништа со кои ќе ги задоволат потребните капацитети за засолнување на луѓето, материјалните добра и културното наследство на своето подрачје.

Начинот на изградба на јавните засолништа и одржувањето и користењето на веќе изградените засолништа и други заштитни објекти и определување на потребниот број на засолнишни места со уредба ги уредува Владата.

### 9.2 Заштита и спасување од поплави

Заштитата и спасувањето од поплави опфаќа регулирање на водотеците, изградба на заштитни објекти, одржување и санирање на оштетените делови на заштитните објекти, набљудување и извидување на состојбите на водотеците и високите брани, заштитните објекти и околината, обележување на висинските коти на плавниот бран, навремено известување и тревожење на населението во загрозеното подрачје, спроведување на евакуација на населението и материјалните добра од загрозеното подрачје, обезбедување на премин и превоз преку вода, спасување на загрозените луѓе на вода и под вода, црпење на водата од поплавените објекти и извлекување на удавените, обезбедување на населението во поплавените подрачја со основните услови за живот и учество во санирање на последиците предизвикани од поплавата.

### 9.3 Заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи

При проектирањето на новопланираниот објект, во проектната документација да биде решена и громобранската инсталација со цел да нема појава на зголемено пожарно оптеретување на планираниот објект.

Планираната градба е лоцирана така што е пристапна за пожарните возила, широчината на пристапот е предвидена да биде 5 m со што се овозможува лесна подготовка и ставање во дејство на потребната опрема за борба против пожарот и спасување на луѓето. Рабниците на пристапниот пат треба да бидат закосени и со висина не поголема од 7 cm поради лесен пристап на пожарните возила до објектот.

Временскиот рок за дејствување на пожарните возила зависи од оддалеченоста на најблиската противпожарна станица, и би изнесувал од 15 до 20 мин.

Планирањето и изработката на техничката документација треба да е во согласност со Законот за заштита и спасување („Службен весник на Република Македонија" број 93/12 - пречистен текст, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18),Законот за пожарникарство (Сл. Весник на РМ бр.67/04, 81/07 и 55/13) и другите позитивни прописи со кои е регулирана оваа област.

Согласно Правилникот за техничките нормативи за хидрантската мрежа за гаснење на пожари (Службен весник на РМ 26/18), потребно околу објектот да се постави надворешна хидрантска мрежа, изведена како прстенест мрежен систем на цевководи. На цевководите од стાвовите се изработуваат потребен број затворачки вентили за одвојување на одделни сектори. Цевките на разводниот цевковод во мрежата на хидрантите и цевките за одделен хидрант треба да имаат пречник според пресметката, но не помал од 100 mm.

Околу објектот што се штити од пожар се поставуваат надземни хидранти, од Но 80 или од Но 100. Хидрантите се планирани на лесно достапни места - во поплочани и зелени површини, на растојанието од ѕидот на објектот од околу 12м. (Согласно Правилникот, растојанието на хидрантот од ѕидот на објектот изнесува најмалку 5 m, а најмногу 80 m.). Дозволеното растојание меѓу два соседни надворешни хидранта изнесува најмногу 80 m. Истите треба постојано да се подготвени за употреба, означени со таблица со запишано растојание од ознаката

до местото на кое се наоѓа хидрантот и да бидат заштитени да се спречи нивно замрзнување или оштетување.

Согласно член 23 од Правилникот, во непосредна близина на хидрантот, предвиден за непосредно гаснење на пожар, се поставува орман за сместување на цревата, млазникот, клучот и другата потребна опрема. Бројот на црева со стандардна должина се определува во зависност од оддалеченоста на хидрантот од објектот како и според потребите за интервенција од надворешната страна на објектот.

Потребниот притисок во надворешната хидрантска мрежа се определува со пресметка во зависност од височината на објектот и другите услови, но не треба да биде помал од 2,5 bar. Ако надворешната хидрантска мрежа располага со доволна количина вода, а притисокот не ги исполнува условите, треба да се вгради уред за зголемување на притисокот на водата, при што пумпата треба да го обезбеди потребниот притисок, кој на местото на потрошувачката изнесува најмалку 2,5 bar.

Бидејќи од пожар се штити висок објект, на местото од приклучокот на хидрантската мрежа од јавната водоводна мрежа се поставува приклучок за полнење на противпожарно возило, така да освен напојувањето на

противпожарно возило со вода, водата од возилото да се потиснува кон објектот што се гасне.

Државните органи, органите на државната управа, единиците на локалната самоуправа, трговските друштва, јавните претпријатија, установите и службите се должни да имаат соодветни уреди и инсталации за заштита од пожари и експлозии, друга противпожарна опрема, средства за гаснење на пожари и противпожарни апарати, според пропишани стандарди. Уредите, инсталациите, опремата и средствата за заштита од пожари и експлозии, задолжително треба да се наоѓаат на одредени места, да се одржуваат во исправна состојба, да бидат посебно обележани и секогаш достапни за употреба, согласно со закон.

Согласно Законот за заштита и спасување („Службен весник на Република Македонија" број 93/12 - пречистен текст, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18) член 70, инвеститорот во проектната документација е должен да изготви посебен елаборат за заштита од пожари, експлозии и опасни материи и да прибави согласност за застапеноста на мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи. Согласност за застапеност на мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материии дава Дирекцијата, односно нејзините подрачни организациони единици за заштита и спасување. Директорот на Дирекцијата ја утврдува содржината на елаборатот за заштита од пожари, експлозии и опасни материи. Директорот на Дирекцијата ги пропишува мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи.

### 9.4 Заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства

Согласно Законот за заштита и спасување(„Службен весник на Република Македонија" број 93/12 - пречистен текст, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18) член 80, заштитата од неексплодирани убојни и други експлозивни средства опфаќа

пребарување на теренот и пронаоѓање, пронаоѓање на неексплодираните убојни средства, обележување и обезбедување на теренот, онеспособување и уништување на сите видови на неексплодирани убојни и други експлозивни средства како и транспорт до определеното и уреденото место за уништување и безбедносни мерки за време на транспортот. Онеспособување и уништување на сите видови на неексплодирани убојни и други експлозивни средства се врши на местото на пронаоѓање, ако за тоа постојат безбедносни услови.

Ако не се исполнети условите од ставот 2 на овој член, уништувањето на неексплодирани убојни и други експлозивни средства се врши на претходно определени и уредени места за таа намена.

Стандардните оперативни процедури за заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства ги пропишува директорот на Дирекцијата.

### 9.5 Заштита и спасување од урнатини

За заштита на локалитетот од урнатини при урбанистичкото планирање превземени се следните мерки:

-сообраќајната мрежа нема да биде оптеретена со рушевини и ке има можност за пристап на возила за пожар, прва помош, итн.

Просторот на предметниот плански опфат се наоѓа во зона на 9 степени по Меркалиевата скала на очекувани земјотреси, што наметнува задолжителна примена на нормативно- правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржлив степен на сеизмичка заштита, при изградбата на новите објекти.

Густината на објектите односно нивното растојание е планирано во доменот на сеизмичкото проектирање со помали висини на објектите и со поголеми попречни профили на сообраќајниците, со што во случај на сеизмичко рушење може да се обезбеди проток на луѓе и возила.

### 9.6 Спасување од сообраќајни несреќи

Комплетната сообраќајна сигнализација на уличната мрежа, како верикална и хоризонтална треба да е изведена согласно прописите од областа на сообраќајот.

Временскиот рок за дејствување на возилата за брза помош зависи од оддалеченоста на најблиската клиника, која за овој плански опфат во реонот на амбуланта и поликлиника би изнесувал од 30 до 40 мин.

Временскиот рок за дејствување на пожарните возила зависи од оддалеченоста на најблиската противпожарна станица.

### 9.7 Евакуација

Со евакуацијата се врши планско, организирано и контролирано преместување на населението, материјалните добра и културното наследство на Републиката, од загрозените во побезбедните подрачја.

Евакуацијата се извршува доколку со други мерки не е можно да се спречат последиците од природните непогоди и други несреќи.

Населението од подрачјето од кое се врши евакуација, може да се евакуира во друга општина на одредено место и во одредено време.

### 9.8 Згрижување на загрозеното и настраданото население

Згрижувањето опфаќа прифаќање, сместување и обезбедување на основни услови за живот на настраданото и загрозеното население. Републиката и единиците на локалната самоуправа се должни да обезбедат сместување и итно згрижување на населението, кое поради природни непогоди и други несреќи, останало без дом и средства за живеење и кое поради загрозеност се задржува надвор од своето место на живеење.

Врз основа на член 29 од Законот за заштита и спасување(„Службен весник на Република Македонија" број 93/12 - пречистен текст, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18) мерките за заштита и спасување задолжително се применуваат:

- при планирањето и уредувањето на просторот и населбите;
- во проектите, за објекти и технолошки процеси наменети за складирање, производство и употреба на опасни материи, нафта и нејзини деривати, енергетски гасови, јавниот сообраќај, црна и обоена металургија, како и за јавна, административна, културна, туристичко- угостителска дејност и
- при изградба на објекти и инфраструктура.

Начинот на применувањето на мерките за заштита и спасување, при планирањето и уредувањето на просторот и населбите, во проектите и при изградба на објектите, како и учество во техничкиот прием, Владата го уредува со уредба.

Во функција на уредувањето на просторот задолжително се обезбедува:

- изградба на објекти отпорни на сеизмички дејства;
- регулирање на водотеците и изградба на систем на одбранбени насипи;
- изградба на снегозаштитни појаси и пошумување на голините;
- обезбедување на противпожарни пречки;
- изградба на објекти за заштита и
- изградба на потребната инфраструктура.

## 10. МЕРКИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ПРИСТАПНОСТ ЗА ЛИЦА СО ИНВАЛИДНОСТ

Во рамките на парцелата и објектите обезбедени се услови за пристап и непречено движење на лица со инвалидитет.

## 11. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА ПРИРОДНОТО И КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО

Според Законот за заштита на природата („Службен весник на Република Македонија" број 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16 63/16, 113/18 и 151/21)потребно е да се почитуваат мерки за заштита на природата при планирањето и уредувањето на просторот.

Доколку при уредување на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природно наследство кое би можело да биде загрозено со урбанизацијата на овој простор, потребно е да се предвидат следните мерки за заштита на природното наследство:

- Утврдување на границите и означување на сите објекти кои би можеле да бидат предложени и прогласени како природно наследство;

- Забрана за вршење на какви било стопански активности кои не се во согласност со целите и мерките за заштита утврдени со правниот акт за прогласување природното добро или Просторниот план за подрачје со специјална намена;

- Магистралната и останатата инфраструктура (надземна и подземна) да се води надвор од објектите со природни вредности, а при помали зафати потребно е нејзино естетско вклопување во природниот пејзаж;

- Воспоставување на мониторинг, перманентна контрола и надзор на објектите со природни вредности и преземање на стручни и управни постапки за санирање на негативните појави;

- Воспоставување на стручна соработка со соодветни институции во окружувањето;

- Почитување на начелата за заштита на природата согласно Закон за заштита на природата.

Доколку при изведувањето на земјаните работи се наиде на археолошки артефакти, односно дојде до откривање на материјални остатоци со културно-историска вредност, потребно е да се постапи во согласност со Законот за заштита на културното наследство(„Службен весник на Република Македонија" број 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19), односно веднаш да се запре со отпочнатите градежни активности и да се извести надлежната институција за заштита на културното наследство.

# НУМЕРИЧКИ ПОДАТОЦИ

| НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ ПОСТОЈНА СОСТОЈБА - НАМЕНИ | | | |
|---|---|---|---|
| **Бр.** | **Опис на површини** | **P (m²)** | **%** |
| | **Проектен опфат** | **3,349.85** | **100.0%** |
| **1** | **Неизградено градежно земјиште** | 1,885.12 | 56.3% |
| **2** | **Некатегоризиран пат** | 1,464.73 | 43.7% |

| НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ ПЛАНИРАНА СОСТОЈБА - НАМЕНИ | | | |
|---|---|---|---|
| **Бр.** | **Опис на површини** | **P (m²)** | **%** |
| | **Проектен опфат** | **3,349.85** | **100.0%** |
| **1** | **Г-ПРОИЗВОДСТВО, РУДАРСТВО, ЕНЕРГЕТИКА И ИНДУСТРИЈА** | 1,885.12 | 56.3% |
| **2** | **Е-Инфраструктури** | 1,464.73 | 43.7% |

| ПАРАМЕТРИ НА НИВО НА КП СОГЛАСНО УПВНМ ЗА ИНДУСТРИСКА ЗОНА ВИЗБЕГОВО | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Број на КП | Група на класа на намена | Површина на КП | Основна класа на намена | Дозволена катност на градбите | Висина до венец | Процент на изграденост % | Коефициент на искористеност |
| **228/4** | **Г** | 974.50 | Г2, Г3, Г4 | П+2 | 13.20 | 70% | 2 |
| **228/5** | **Г** | 910.63 | Г2, Г3, Г4 | П+2 | 13.20 | 70% | 2 |
| **ВКУПНО** | **Г** | 1885.12 | Г2, Г3, Г4 | П+2 | 13.20 | 70% | 2 |
| **ЗБИРНИ ПАРАМЕТРИ НА НИВО НА КП СОГЛАСНО УП** | | | | | | | |
| Број на КП | Група на класа на намена | Површина од КП на која се планира градежна парцела со УП (m2) | Основна класа на намена | Катност на градбите во УП согласно УПС | Висина до венец | Процент на изграденост % на ниво на КП | Коефициент на искористеност на ниво на КП |
| **228/4** | **Г** | 974.50 | Г2, Г3, Г4 | П+2 | 13.20 | 70% | 2 |
| **228/5** | **Г** | 910.63 | Г2, Г3, Г4 | П+2 | 13.20 | 70% | 2 |
| **ВКУПНО** | **Г** | 1885.12 | Г2, Г3, Г4 | П+2 | 13.20 | 70% | 2 |

*** При планирање се почитуваат параметрите на ниво на КП како гранични вредности, согласно текстуален дел од УПВНМ - индустриска зона Визбегово со разработка на блок 12 КО Визбегово, Општина Бутел**

| ТАБЕЛА СО БИЛАНСНИ ПАРАМЕТРИ | | | |
|---|---|---|---|
| **БРОЈ НА ГП** | | **ГП 1.1** | |
| **НАМЕНА НА ПОВРШИНИ** | | **m²** | **%** |
| 1 | Г4.1 - СПЕЦИЈАЛИЗИРАНИ СКЛАДИШТА, ДИСТРИБУТИВНИ ЦЕНТРИ СО СКЛАДОВИ | 972.88 | 51.61% |
| 2 | ПРИСТАП И ПОВРШИНА ЗА ПАРКИНГ | 510.42 | 27.08% |
| 5 | ЗЕЛЕНИ ПОВРШИНИ | 401.82 | 21.32% |
| **ВКУПНО:** | | **1,885.12** | **100.00%** |

| КП 228/4 И КП 228/5 | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Број на градежна парцела | Намена на објекти | Компатибилни намени | Катност на објекти | Висина на објекти до венец m' | Површина m2 | Максимална површина за градба m2 | Вкупна изградена површина m2 | Процент на изграденост % | Коефициент на искористеност (К) | Процент на зеленило во ГП | Број на паркинг места |
| 1.1 | Г 4.1 | Б1 до 40% | П+2 | 10.20 | 1885.12 | 972.88 | 2918.64 | 51.61% | 1.55 | 401.82 | 2 - во рамки на ГП |
| **ВКУПНО** | | | | | **1,885.12** | **972.88** | **2,918.64** | **51.61%** | **1.55** | **21.32%** | **2** |

# ГРАФИЧКИ ДЕЛ

# ИЗВОД ОД ПЛАН

ЕВРО ДЕКОР ДОО

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**ИЗВОД ОД ПЛАН**

**ОПШТИНА БУТЕЛ**

**УПВНМ**: индустриска зона ,, Визбегово со разработка на блок-12 К.О.Визбегово

Одлука бр: 08-1555/13 од 17.11.2016 година

**Намена на градба:** Блок-6 Г2, Г3, Г4 – лесна и незагадувачка индустрија, сервиси и стоваришта

**ОПШТИНА БУТЕЛ**

**Број:** 2301-122/2 **од** 10.03.2023

Сектор за урбанизам, комунални работи и заштита на животна средина и лер Скопје

**КП:** 228/4

КО Визбегово

**ДЛ:** -/-

М 1 : 2500

**ИЗВОД ЗА** КАТАСТАРСКА ПАРЦЕЛА КП 228/4 КО Визбегово

1. **ГРАФИЧКИ ДЕЛ:**




изготвил,

Весна Гугуоска град.тех.

ПО ОВЛАСТУВАЊЕ НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ,

Ана Мladeновска д.и.а

## УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА

***8. ОПШТИ УСЛОВИ*** за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите, кои важат за целата површина на планскиот опфат и служат за спроведување на урбанистичкиот план, односно за изготвување на извод од урбанистички план со параметри .

Сите елементи на планирањето во плановите од пониско ниво ,треба да бидат изработени во согласност со Урбанистичкиот план вон населено место Индустриска зона "ВИЗБЕГОВО" КО Визбегово-општина Бутел.

За сите елементи кои не се опфатени во овој план ,треба да се постапува согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање (сл. вес. на РМ бр.51/05,137/07,91/09,124/10,18/11,53/11,144/12,55/13,163/13,42/14),Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање, (Службен весник на РМ бр. 63/12,126/12,19/13,95/13,167/13 ) ,Правилникот за поблиска содржина,размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови(сл.вес. на РМ бр. 78/06,37/14)

За планскиот опфат, на Урбанистички план вон населено место за Индустриска зона "ВИЗБЕГОВО" со разработка на БЛОК-12,КО Визбегово-општина Бутел, плански период 2014-2024год. ќе важат следните Општи услови:

### 8.1.Општи услови за изградба на ниво на блок

Изготвениот урбанистички план вон населено место за Индустриска зона Визбегово ,со разработка на блок-12,КО Визбегово-општина Бутел,е основен документ со кој се определени границите на вкупниот опфат на зоната и границите на основната поделба на урбани блокови,определени за градба.Во блоковите е извршено зонирање со основна намена Производство ,дистрибуција ,сервиси, и сите содржини што го пратат,односно компатибилни намени .

Билансните показатели содржат податоци за површините и намените ,како и билансни показатели за инфраструктурата и параметрите за уредување на на просторот за урбаните блокови,согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање.Истите се дадени во делот Нумеричките показатели.

Графичките прилози и билансните показатели го почитуваат и се изработени на основа Правилникот за стандарди и нормативи за уредување просторот *(сл.* Вес. на РМ бр. 63/12,126/12,19/13,95/13,167/13,37/14,125/14,148/14 ),и Правилникот за стандарди и нормативи за проектирање на објекти (сл. Вес. на РМ бр. 60/12).

Со него се дадени параметрите за организација на просторот ,односите помеѓу содржините ,карактеристиките на поднебјето и традицијата и спецификите на културното и друго наследство.

**УПВНМ за Индустриска зона Визбегово ,е основа за изработка на планови за разработка на урбаните блокови** ,главно по природни граници и осовини на постојни или планирани сообраќајници.Урбанистички план вон населено место за Индустриска зона Визбегово ,како план од пониско ниво ,мора да биде усогласен со Просторниот план на Република Македонија.

### *Плански опфат*

1

**Планскиот опфат** е подрачје уредено со урбанистички план односно ,подрачје на кое урбанистичкиот план е на сила.Планскиот опфат се дефинира со уредување на границата на планскиот опфат(графички и текстуален-описен начин).

Планскиот опфат ,за кој се изработува УПВНМ е со површина од **216,73 ха**.

За земјиштето во рамки на планскиот опфат е дадена трајна пренамена со Одлука за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште бр. 42-4396/1 од 28-10-2015,објавена во **сл. весник на Р.М. бр. 190 од 03-11-2015 година, со која е пренаменето земјиште со површина од 1492357м2 /149 .23 .57ха/**

**Разликата во површина е образложена во дописот од министерство за земјоделство ,шумарство и водостопанство Бр. 17-2164/2 од 24.02.2016 година, на писмено барање на општина Бутел, /бр. 17-2164/1 од 17.02.2016 год./**

**образложение: Во списоците на индикациите за катастарските парцели со вкупна површина на земјиштето во планскиот опфат издаден од АКН -центар за недвижности Скопје ,освен земјоделско земјиштепостојат и катастарски парцели со култура:земјиште,земјиште под зграда,некатегоризиран пат,улици,градежни парцели и др. кои не се предмет на пренамена од причини што не се евидентирани како земјоделско земјиште и Министерството за земјоделство ,шумарство и водостопанство нема мнадлежност да постапува по истите.**

Планскиот опфат лежи на територијата која како крајни точки ги има следните координати

Границата на планскиот опфат е претставена описно со координатите на секоја прекршна точка претставени табеларно:

## ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ

**ПОВРШИНА216.73Ха**

**ПЕРИМЕТАР 10497.408 м'**

| ТОЧКИ НА ГРАНИЦА -КООРДИНАТИ | | | |
|---|---|---|---|
| број | X | Y | Z |
| 1 | 534640.3825 | 655677.9549 | |
| 2 | 534702.9052 | 655529.3179 | |
| 3 | 534716.4658 | 655497.8418 | |
| 4 | 534754.238 | 655399.849 | |
| 5 | 534793.9414 | 655298.0715 | |
| 6 | **534810.7433** | **655222.9646** | **Нај источна** |
| 7 | 534770.6712 | 655208.1435 | |
| 8 | 534736.3584 | 655195.4255 | |
| 9 | 534683.8766 | 655176.703 | |
| 10 | 534618.2379 | 655153.2859 | |
| 11 | 534592.601 | 655243.803 | |
| 12 | 534548.969 | 655233.774 | |
| 13 | 534484.1505 | 655221.1983 | |
| 14 | 534433.988 | 655217.228 | |
| 15 | 534441.9822 | 655264.1836 | |
| 16 | 534386.098 | 655265.744 | |
| 17 | 534340.251 | 655264.409 | |
| 18 | 534340.573 | 655295.269 | |
| 19 | 534340.3679 | 655318.8366 | 300.3508 |
| 20 | 534290.188 | 655312.261 | |
| 21 | 534293.381 | 655262.11 | |
| 22 | 534181.255 | 655258.328 | |
| 23 | 534179.3611 | 655298.0187 | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **150** | **533038.9841** | **656166.2639** | **Најсеверна** |
| 151 | 533118.1868 | 656164.8301 | |
| 152 | 533189.547 | 656162.1819 | |
| 153 | 533197.7278 | 656118.891 | |
| 154 | 533243.6499 | 656114.0481 | |
| 155 | 533289.9456 | 656107.7835 | |
| 156 | 533323.5749 | 656099.001 | |
| 157 | 533348.7568 | 656154.4116 | |
| 158 | 533377.2419 | 656148.048 | |
| 159 | 533385.3892 | 656149.1447 | |
| 160 | 533359.0148 | 656080.9134 | |
| 161 | 533403.2729 | 656060.402 | |
| 162 | 533486.2289 | 656027.0836 | |
| 163 | 533592.889 | 655985.685 | |
| 164 | 533646.5869 | 655937.9091 | |
| 165 | 533678.1555 | 655915.6138 | |
| 166 | 533717.0327 | 655897.0979 | |
| 167 | 533761.1561 | 655888.83 | |
| 168 | 533831.981 | 655877.6238 | |
| 169 | 533838.455 | 655798.0928 | |
| 170 | 533876.9991 | 655797.3129 | |
| 171 | 533922.224 | 655806.4438 | |
| 172 | 534006.0727 | 655818.7934 | |
| 173 | 534066.4797 | 655794.2121 | 311.9627 |
| 174 | 534166.1341 | 655754.0066 | |
| 175 | 534302.187 | 655699.3623 | |
| 176 | 534384.1076 | 655666.4598 | |
| 177 | 534450.3088 | 655650.812 | |
| 178 | 534529.6422 | 655648.6627 | |
| 179 | 534578.4491 | 655657.2457 | |

***Планерски елементи на градежното земјиште***

**2.**

Градежното земјиште е земјиште чија што намена и начин на уредување ,градење и користење се утврдува со урбанистички план.Статус на градежно земјиште добива секое земјиште во подрачјето за кое е донесен урбанистички план.

**Блокот и градежната парцела** се единици на градежното земјиште чија наменаи начин на уредување ,градење и користење ,се утврдува со урбанистички план.Поголема единица за која се определува начин на користење и уредување на земјиштето ,за овој урбанистички план е БЛОК.**Во рамки на планскиот опфат има определено 15 (петнаесет ) блока**.

**Градежна парцела е** основна и најмала единица на градежното земјиште и е ограничена со регулаторни линии.Во дадениот плански опфат во оваа фаза на

изработка на планот ќе се разработи **БЛОК-12**,при што ќе се направи парцелација и ќе се определат градежни парцелои во рамки на блокот,како основни и најмали единици на градежното земјиште.

### *Регулаторни линии*

**3.**

Регулаторни линии се плански одредби во графичкиот дел на урбанистичкиот план кои го разграничуваат градежното земјиште од аспект на носителите на правото на градење.

Регулаторните линии се регулационата линија и граница на градежната парцела

- **Регулациона линија** е граница меѓу градежното земјиште за општа употреба и градежното земјиште парцелирано на градежни парцели наменето за поединечна градба.

-**Граница на градежната** парцела е линија на разграничување на носители на право на градење помеѓу две соседни градежни парцели.

### *Градежна парцела*

**4.**

Градежната парцела е ограничен дел од градежното земјиште со ист носител на право на градење.Градежната парцела се состои од една или повеќе катастарски парцели ,при што сите сопственици на катастарските парцели и делови од катастарските парцели во рамките на градежната парцела,претставуваат единствен носител на правото на градење

- Делови на градежната парцела се :
  -Површина за градење(дел од градежната парцела која се предвидува за градење на градбите ,ограничена со градежни линии)и
  -дворно место(дел од градежната парцела незафатен со површината за градење)
- Градежните парцели задолжително се формираат во Урбанистички план вон населено место ,што се изработуваат според член 9 ,став 1 ,од Правилникот за поблиска содржина ,размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови(сл. Вес. на РМ бр. 78/06,37/14).

### *Намени на земјиштето-наменска зона*

**5.**

**Наменска зона е ограничена површина на градежно земјиште со иста наменска употреба на земјиштето**

Намената на земјиштето се уредува на ниво на наменски зони во Урбанистичкиот план вон населено место, во графичкиот прилог бр. 1-План на намена на земјиштето и градбите. Според овај графички дел, во планскиот опфат ги има следните групи на класи на намени:

**-Г-производство,дистрибуција ,сервиси,**
**- А-Б-Мешана намена**
**- Д-зеленило и рекреација**
**- Е -Инфраструктура**

### *Височина на градба*

**6.**

Максималната височина на градбата е дозволена височина на градбата на вертикалната рамнина чиј што пресек со теренот се совпаѓа со градежната линија.Максималната висина на градбата во урбанистички план се изразува како вертикално растојание помеѓу тротоарот и завршниот венец на градбата во должни

метри. Максималната висина на градбата се одредува за онаа страна од површината за градење која гледа кон лицето на градежната парцела. До колку тротоарот долж лицето на парцелата е во пад ,максималната височина се одредува од висинската кота на тротоарот во средината на страната на градбата долж падот на теренот.

Горен или завршен венец на градбата е хоризонтална линија до која завршува вертикалниот фасаден ѕид од градбата поставен на градежната линија.
Максималната висина на градбата може да се надополни и со определување на број на спратови кој може да се изгради во рамките на дадената висина . Најмалата спратна висина со која се пресметува бројот на спратови,мерено од плоча до плоча ,за домување е 2,90м ,а за деловна дејност 3,40м.
Максималната висина до венец ќе се определи со разработка на блоковите за секоја градежна парцела.

- **Височина на слеме** се определува со урбанистички план ,како услов

за градење на ниво на наменска зона ,уличен фронт ,блок или плански опфат.
Слемето е највисоката точка на кровната кондтрукција . Висината на слемето се одредува во метри , од котата на горниот ,завршниот венец на градбата.**Максимална висина на слемето е 4,50метри**, над завршниот венец на градбата ,а со урбанистички план може да се одреди помала или поголема височина на слемето во зависност од конкретните потреби или традиционални карактеристики на автентичниот архитектонски израз или за специјални градби.

Во рамките на дозволената висина на слемето и силуетата на покривот се уредува потпокривен корисен простор,кој се третира рамноправно како и другиот корисен изграден простор по спратови на градбата. Во потпокривот може да се искористи само една спратна висина.
**Од максималната висина на слемето и дозволената силуета на покривот може да отстапуваат** други делови на градбите ,што се уредува со урбанистички план на ниво на плански опфат,блок или поединечна парцела, како што се:
-кули,покривни баџи ,стакларници и издадени покривни елементи, оџаци, вентилациони канали ,лифтовски куќички ,вертикални комуникации и сите техничко технолошки инсталации , како и сите архитектонски декоративни елементи со кои не се обѕидува или оформува затворен корисен простор над котата на горниот венец ,односно над дозволената силуета на покривот

## *Процент на изграденост на земјиштето*
**7.**

Процентот на изграденост е урбанистичка величина која ја покажува густината на изграденост ,односно колкав дел од градежното земјиште е зафатен со градба.
Процентот на изграденост на земјиштето се пресметува како однос помеѓу површината на земјиштето под градбата и вкупната површина на градежното земјиште ,изразен во процент. Во површината под градба се подразбира површината ограничена со надворешните ѕидови и столбови на градбата во висина на приземната плоча без надворешните тераси ,скали рампи ,патеки и сл. Процентот на изграденост може да се пресметува на ниво на градежна парцела ,наменска зона или плански опфат.
Максимало дозволените вредности на параметрите со кои се нормираат планските решенија на класите на намена Г се условени со обезбедување на потребен број на паркинг места ,како и другите стандарди и нормативи од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање. Максимално дозволени вредности на процентот на изграденост на земјиштето(P),коефициентот на искористеност на земјиштето (K) и на дозволената височина изразена во катови или метри (H) за класите на намени Г2,Г3,Г4 како и за А1 и Б1 изнесуваат :

**П ---------до 70%//за секоја градежна парцела/**

**К -------–ке се определи со разработка на блок или со АУП**

**Н----------ке се определи со разработка на блок или со АУП**
Процентот на изграденост може да се пресметува на ниво на градежна парцела, наменска зона ,блок или плански опфат.

***Коефициент на искористеност на земјиштето***

*8.*

Коефициентот на искористеност на земјиштето е урбанистичка величина која го покажува интензитетот на изграденост на градежното земјиште. Коефициентот на искористеност на земјиштето се пресметува како однос помеѓу вкупната изградена површина ,односно збирот на површините на сите изградени спратови на градбата и вкупната површина на градежното земјиште.

Под вкупна изградена површина се сметаат површините на сите надземни етажи.
Во урбанистички план за село процентот на изграденост и коефициентот на искористеност на земјиштето се употребуваат со минимални или максимални вредности на ниво на блок или наменска зона.
За планскиот опфат, на Урбанистички план вон населено мест индустриска зона Визбегово КО Визбегово Општина Бутел, плански период 2014-2024год. ќе важат следните Посебни услови за изградба, развој и користење на градежното земјиште и градбите, согласно Правилникот за стандарди нормативи за урбанистичко планирање, (Сл.вес. на РМ бр. 63/12,126/12,19/13,95/13,167/13,37/14,125/14,148/14) и Правилникот за поблиска содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови, (Сл.вес. на РМ бр. 78/2006,37/14год).

***Зеленило, спорт и рекреација***

9.

Во рамките на проектниот опфат се планира да има заштитно зеленило и тоа како заштитно зеленило на магистрална сообраќајница,и во сите блокови како инфраструктурен коридор за поставување на потребните инсталации.Исто така во рамки на градежните парцели инвеститорите индивидуално да ја уредат слободната површина со ниско и високо зеленило.

***Мерки за заштита***

10.

Обврзно да се почитуваат мерките за заштита на животната средина и природата при издавање на урбанистички архитектонски услови , како и при изработка на основните проекти на градбите.
Обврзно да се почитуваат мерките за заштита на животната средина при изработка на идејните проекти на сообраќајна и комунална инфраструктура, согласно
Законот за животна средина ( Сл. весник на Р.М. број 53/05, 81/05 , 24/07,159/08,83/09,48/10,124/10,51/11,123/12 и93/13). број 53/05).

11.

Обврзно треба да се почитуваат мерките за заштита и спасување при издавање **на услови како и при изработка на основните проекти на градбите.**
**Обврзно да се почитуваат мерките за заштита и спасување при изработка на основните проекти како и проекти за инфраструктура- сообраќајна и комунална инфраструктура, согласно Законот за одбрана ( Сл.в. на РМ бр.185/11-пречистен текст), Законот за заштита и спасување ((Сл.в. на РМ бр.93/12-пречистен текст); Законот за пожарникарство (Сл.в.на РМ бр 67/04) и Законот** за управување со кризи (Сл.в.на РМ бр.29/05 и 36/11);

**12.**
Вградувањето соодветен режим за заштита на недвижното културно наследство во урбанистички план се врши според заштитно-конзерваторски основи за културно наследство (Согласно чл. 71 од Законот за заштита на културно наследство - Сл.весник на РМ бр. 20/04 и 115/07).
Во текот на реализација на овој План, доколкусе наиде на археолошки артефакти, односно дојде до откривање на материјални остатоци со културно-историска вредност, потребно е да се постапи во согласност со чл. 65 од Законот за заштита на културното наследство (Сл.весник на РМ бр. 20/04 и 115/07), односно веднаш да се запре со отпочнатите градежни активности и веднаш да се извести надлежната институција за заштита на културното наследство во смисла на чл. 129 од Законот.

**13**.Планскиот опфат се наоѓа во рамки на рамнините за ограничување на препреки за спортскиот аеродром Скопје-Стенковец,односно северниот дел на зафатот е на 689м од прагот на полетно-слетната патека.Мал дел од зафатот се наоѓа и во југоисточната –приодно-одлетната рамнина,на само 19м од продолжената централна линија на полетно слетната патека.
Согласно член76 од Законот за воздухопловство ("Сл.Вес. на РМ" бр. 14/2006,27/2007,103/2008,67/2010,24/2012,80/2012,155/2012 и 42/2014) односно Правилникот за условите за постапување градба и обележување на објекти ,инсталации и уреди во зоната на аеродромот, кои што можат да влијаат на безбедноста на воздушниот сообраќај и условите и начинот на обработка земјиштето во зоната на аеродромот и земјиштето во неговата непосредна близина ("Сл. Вес.на Р. М."бр. 130/2007 ), во УПВНМ за индустриска зона Визбегово , заради одржување на безбедноста на воздушниот сообраќај на аеродромот потребно е :

- Максималната височина на било која структура во зафатот ,да не биде над елевацијата на хоризонталната рамнина ,односно над елевацијата 367мнв.
- Уличното осветлување да се планира со светилки кои емитираат светлина исклучиво кон земја.
- Во планскиот опфат да не се предвидуваат објекти или содржини со елементи или структури кои ќе емитираат радио сигнали,ласерски сигнали или светлосни снопови,
- Во понатамошната фаза ,планот ке се спроведува со разработка на блоковите ,како и со изработка на АУП-и за парцелите каде има услови согласно законската регулатива./согласно Член 51 од Законот за просторно и урбанистичко планирање/ .
- При разработка на блоковите , пред нивно усвојување да се обезбеди согласност со услови за градба од аспект на безбедноста на воздушниот сообраќај која ја издава Агенцијата за цивилно воздухопловство.

## 8.2.Други општи услови

**При издавање на Извод од урбанистички план за сé што со овие одредби не е пропишано или дефинирано, важат одредбите од Правилникот за поблиска содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови (сл. Вес. На РМ бр 78/06 ,37/14)и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на Р.М. број 63/12,126/12,19/13,95/13,167/13,37/14,125/14,148/14).**

## *9.ПОСЕБНИ УСЛОВИ за изградба, развој и користење на градежното земјиште и градбите, за секоја урбанистичка единица за планирање чиишто граници се утврдени со планот*

**14.**

